Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 364/0306
10.10.2018 год.
Скопје

10.10.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 8 октомври 2018 година, врз основа на примена жалба од Ристо Тасев, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Интернет порталот „Струмица денес“ со текстот насловен „Во Струмица се одржа првата авто слалом трка за шампионот на Македонија“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 12.

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 24 септември 2018 година, Ристо Тасев, поднесе жалба за текстот со наслов „Во Струмица се одржа првата авто слалом трка за шампионот на Македонија“, објавен на 23 септември 2018 година, на интернет порталот „Струмица денес“ (www.strumicadenes.mk).

Во жалбата се наведува дека интернет порталот „Струмица денес“ ги прекршил авторските права, пренесувајќи текст на новинската агенција „МИА“, без да го наведе изворот од каде што е преземена информацијата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Струмица денес“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Струмица денес“ одговорија на забелешките на жалителот.

Од интернет порталот ја признаваат грешката, но уверуваат дека се работи за ненамерен пропуст. Појаснуваат дека текстот се појавил на повеќе електронски медиуми и социјални мрежи, поради што помислиле дека станува збор за соопштение од организаторот на трката.

*„Бидејќи претходно добивме известување и фотографии од организаторот на трките, настанало забуна во тек на објавата на текстот. По воочувањето дека текстот го имаат повеќе медиуми, а информациите во истиот се доста слични и од разговорот со колеги се испостави дека текстот е ланчано преземен од МИА и истиот бил отсранет од нашиот интернет простор и заменет со соопштение и фотографии од организаторот на трките“*, појаснуваат од „Струмица денес“ во одговорот на жалбата.

Во исто време, во одговорот на жалбата, од интернет порталот „Струмица денес“ нагласуваат дека јавно му се извинуваат на авторот на текстот, Ристо Тасев, за непријатноста што ја предизвикале.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 12:

***Член 12:*** *„Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 8 октомври 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата веднаш заклучи дека се работи за прекршување на професионалните и етички стандарди од страна на интернет порталот „Струмица денес", на начин што комплетно презел и објавил текст на новинската агенција „МИА", без воопшто да го наведе изворот.

Комисијата, без да навлегува во детали дали се работи за превид или ненамерен пропуст на интернет порталот, се согласи дека со ненаведувањето на изворот медиумот ја претставил туѓата содржина како своја и ги повредил авторските права.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата утврди дека интернет порталот „Струмица денес" го прекршил членот 12 од Кодексот на новинарите, во кој, меѓу другото, се вели:

***„Непочитувањето на авторските права се смета за грубо кршење на етичките правила".***

Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите јасно и експлицитно да го наведуваат изворот и авторот при преземање на содржини од друг медиум, како и да наведат линк, во случај, кога се објавува целосно преземена содржина.

Членовите на Комисијата, при своето одлучување го зедоа предвид и воедно го поздравуваат извинувањето од страна на „Струмица денес" до авторот на текстот, чијашто содржина ја презеле. Во исто време, Комисијата ја поздравува и постапката на интернет порталот да ја повлече првично објавената информација на МИА и да објави содржина изворно пренесена од организаторот на трката.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Струмица денес" (www.strumicadenes.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595